MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата –
- Sektori për Mbikëqyrje Inspektuese nga sfera e Mbrojtjes Sociale dhe e Mbrojtjes së Fëmijëve -

**Архивски број: 16-5235/6**
**Датум: 07.08.2025 година,**
**Скопје**

07 -08- 2025

**З А П И С Н И К**

**за спроведен практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ„ број 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ„ бр.238/19 и 167/2021), на ден 07.08.2025 година со почеток во 11,00 часот во службените простории на Инспекциски совет пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од Раководителот на Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, со решение бр.16-5235/3 од 29.07.2025 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:

1. Никола Димитровски - Виш инспектор Ментор на кандидатот,
2. Рамиз Јашари - Виш инспектор,
3. Соња Налбанти-Димоска - Советник инспектор и
4. Благоја Гешовски - Претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Анета Антовска, кандидат за инспектор во Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, која избра симулација на редовен инспекциски надзор во поглед на спроведувањето и примената на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството, подзаконските, општите, поединечните и други акти донесени врз негова основа, во постапката за ставање под старателство и преземање на потребните мерки за остварување на целите на старателството во субјектот на инспекциски надзор - ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e Të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

на РСМ,, бр.238/19 и 167/2021), при што кандидатот за инспектор Анета Антовска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Анета Антовска, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

-Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 15 бодови,
-Спроведување на инспекциски надзор - 30 бодови,
-Затворање на инспекциски надзор - 30 бодови и
-Документирање на инспекциски надзор - 15 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Анета Антовска освои вкупно 90 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше со почеток во 11,00 часот и заврши во 13,00 часот.

Комисија во состав:

1. Никола Димитровски - Виш инспектор, Ментор на кандидатот Н. Димитровски
2. Рамиз Јашари - Виш инспектор
3. Соња Налбанти-Димоска - Советник инспектор
4. Благоја Гешовски - Претставник од Инспекциски совет

Изработил:
Никола Димитровски

Доставено до:
- Именуваните
- архива


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk